Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-27/3
14.7.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 7/2025

за набавка на услуги за дизајн на публикации

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), има потреба од **набавка на услуги за дизајн на четири публикации,** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

2. Опис на услугата:
   - Дизајн на анализа за административна социјална правда;
   - Дизајн на извештај од одржани состаноци на Национално координативно тело за административна социјална права;
   - Дизајн на едукативни материјали и
   - Дизајн на модули за спроведување на обуки.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 7/2025.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

   Услугата треба да се испорача во период од **август 2025 до декември 2026 година.**

4. ИЧП ќе склучи договори со избраниот понудувач за реализација на услугите наведени во оваа покана.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
За правни лица:
- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

За физички лица:
- Биографија и портфолио со претходни слични ангажмани, со фокус на потребната квалификација и искуство.

6. Изборот на дизајнерот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Искуство	40
Вкупно бодови	**40**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	60
Вкупно бодови	**60**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	40
Просечна оценка за финансиска евалуација	60
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараниот материјал.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **23.7.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **21.7.2025 година**.

Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права